*Кон овој број*

Излегувањето од печат на број 63 на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје се совпаѓа со еден голем и значаен јубилеј - 90 години од основањето на Филозофскиот факултет. Овој јубилеј не е празник само на оваа прва високообразовна институција, туку и датум на раѓање на нашата наука и современото универзитетско образование.

Историјата бележи дека Филозофскиот факултет е најстарата и најпознатата високообразовна институција во Република Македонија. Формиран на 16 декември, во 1920 година како Скопски филозофски факултет, кога Македонија била дел од Кралството Србија, оваа високообразовна установа формира и образува голем дел од борците за создавање на првата слободна македонска држава во модерната епоха, создадена во виорот на Втората светска војна. Во 1946, на 16 декември, започнува со работа новиот Филозофски факултет во Скопје, јадрото на современиот македонски Универзитет.

За Филозофскиот факултет во Скопје, овие изминати девет децении беа исполнети со голем број творечки и систематски напори насочени кон создавање на што поадекватни услови за студирање, научна и истражувачка дејност. Тоа беа децении на постојана трансформација и унапредување на видовите и формите на наставно-научната и истражувачката работа. Во текот на изминативе 90 години, Филозофскиот факултет покажа значајни остварувања во доменот на образование на високостручни кадри, при што се остварени дела со трајна научна и културна вредност. Тоа научно богатство и беше презентирано на пошироката академска јавност преку голем број студии, книги и списанија. Меѓу нив видно место зазема *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје*.

Во далечната 1930 година излегол првиот број на списанието *Годишник на Скопскиот филозофски факултет*. Во него биле објавувани научни трудови не само од професорите од Скопскиот филозофски факултет, туку и од научни работници од други универзитетски центри на територијата на Кралството Србија. Преку ова списание се презентирала научно-истражувачката работа на Скопскиот филозофски факултет како пред научната јавност, така и пред пошироката јавност. Преку него е остварена богата и значајна научна соработка, бидејќи Годишникот бил испраќан до повеќе факултети и други научни институции во странство.

Првото научно списание во слободна Македонија излегува во 1948 година. Насловено како Зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, ова списание било конципирано во два оддела: историско-филолошки и природно-математички. Во првиот број, на историско-филолошкиот оддел се објавени текстови на нашите видни професори и научни работници, кои се вбројуваат во македонската научна и културна класика, текстови на: д-р Михаил Д. Петрушевски, д-р Харалампије Поленаковиќ, д-р Ѓорѓи Шоптрајанов, д-р Блаже Конески и Димче Коцо.

Од тогаш па сѐ до денес, Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје е длабоко втемелен во развојот на оваа високообразовна институција. 63 броја, значат 63 години макотрпна и непрестајна активност да се достигне нивото на достоен претставник на научната мисла и да се постигне реномето на респектирано списание, за кое се знае не само во границите на Република Македонија, туку и во светот. Ова списание претставува израз на достигањата на професорите и на соработниците на Филозофскиот факултет и го презентира плодното творештво на оваа високообразовна институција пред пошироката академска и општествена јавност. Во него на едно место се концентрирани трудови на голем број автори од различни дисциплини и области на општествено-хуманистичките науки. Воедно, оваа публикација претставува значаен и вреден извор од кој студентите на додипломските, последипломските и докторските студии црпат најнови сознанија од областите и дисциплините за кои се определиле да ги студираат и истражуваат.

Почитувани колешки и колеги, ценети соработници и драги читатели, јубилеите се мигови во кои се потсетуваме на минатото, ги славиме достигањата на институциите и поединците кои вградиле дел од сопствениот живот во нивното создавање и им оддаваме признание за нивната работа. Тоа се мигови во кои се гордееме што сме дел од историјата на една ваква значајна институција за развојот на современото македонско општество - матица на многубројни академски граѓани и расадник на македонската научна и хуманистичка мисла Нека им е честит, нека ни е честит, овој значаен јубилеј, 90 години Филозофски факултет во Скопје!

Проф. д-р Владимир Давчев
Претседател на Редакцискиот одбор